ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
Универзитетска клиника за радиотерапија
и онкологија
Бр. 04 – 746 / 2
13 . 03 2023 год.
СКОПЈЕ

ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија
ул. Мајка Тереза бр. 17
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел: + 389 2 3147 900 Факс: +389 2 3111 232
e-mail: radioth@t.mk

## ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија

Врз основа на член 156, 157, 158 и 162 од Законот за здравствена заштита ( Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21 150/22, 236/22), Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје, со бр.02-2297/3 од 21.12.2021 година, чл. 30 од Статутот на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје, број 01-211/1 од 01.02.2019 година, директорите на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија- Скопје, и тоа: в.д Медицински директор Виолета Клисаровска и Организациски директор Дипл.правник Nehat Nuhi, го распишаа следниот :

### ИНТЕРЕН ОГЛАС

за унапредување на здравствени работници

Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје, распишува и објавува интерен оглас за унапредување на следните здравствени работници:

1. Раководител на Оддел за малигни тумори на РЕС системот, тиреоидеа и мекоткивни тумори.

Заинтересираните кандидати за пријавување на огласот треба да ги задоволуваат општите и посебните услови за вработување:

Општи услови се:
- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност и
- да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови наведени погоре, кандидатите треба да ги исполнат и следните посебни услови:

1. Да е доктор на медицина специјалист или супспецијалист или доктор на стоматологија, специјалист или супспецијалист, односно здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата со соодветна специјализација или супспецијализација,

2. Да има најмалку пет години работно искуство во струката, активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),

3. Активно да познава компјутерски програми за канцелариско работење и да има други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

4. Да поминал најмалку две години во непосредно пониско работно место од работното место за кое е објавен интерниот оглас и

5. Да не му е изречена дисциплинска мерка или мерка за намалена работна успешност во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Работно време е од: 08.00 – 14.00 часот.

Нето плата: 60.469 денари

Кон пријавата треба да се достават следните документи:

- диплома со просечен успех или уверение за завршено образование во оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- уверение за државјанство на Р.С. Македонија, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- лекарско уверение не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- уверение дека не е изречена правосилна забрана за вршење на професија, дејност или должност, не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- уверение за положен стручен испит, оригинал или фотокопија заверена на нотар и
- сертификат за активно познавање на странски јазик на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, германски или француски).
- активно да познава компјутерски програми за канцелариско работење.
- Потврда дека поминал најмалку две години во непосредно пониско работно место од работното место за кое е објавен интерниот оглас
- Потврда дека не му е изречена дисциплинска мерка или мерка за намалена работна успешност во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Огласот трае 5 дена од денот на објавувањето.

Кандидатите, потребните документи, во оригинал или фотокопија заверена на нотар, во затворен коверт да ги достават на адреса на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје, ул. Водњанска бр. 17, по пошта или лично во архивата на Клиниката, со назнака за Јавен оглас за вработување.

ЈЗУ Универзитетска клиника за
радиотерапија и онкологија - Скопје

в.д Медицински директор
Доц.д-р Виолета Клисаровска

_______________________

Организациски директор
дипл.правник Nehat Nuhi

_______________________